Согласно член 28 став 3 од Правилата на пазар на електрична енергија за Друштвото за трговија и услуги ЕНГ СЕРВИЦЕ ТРАДЕ ДОО СКОПЈЕ, АД МЕПСО – Подружница ОПЕЕ на ден 01.12.2017 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се раскинува Договорот за условите и начинот на учество на пазарот на електрична енергија со арх. бр. 11-4279 од 20.07.2016 година склучен со Друштвото за трговија и услуги ЕНГ СЕРВИЦЕ ТРАДЕ ДОО СКОПЈЕ со ЕДБ: 4057014525978. Истиот престанувaа да важи на 01.12.2017 година.

2. Сите превземени, а неизвршени обврски по Договорот за условите и начинот за учество на пазарот на електрична енергија, учесникот на пазарот на ел.енергија е должен да ги изврши и по престанок на статусот на учесник на пазар на ел.енергија, согласно член 29 од Правилата за пазар на електрична енергија.

2. Жалбата изјавена против одлуката не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука стапува во сила на денот на донесувањето.

Оператор на електропреносниот систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија
и управување со електроенергетскиот систем,
во државна сопственост, Скопје
Бр. 11-6671/2
01. 12. 2017 год.
СКОПЈЕ

**Образложение:**

На ден 31.08.2017 година АД МЕПСО, до учесникот на пазар ЕНГ СЕРВИЦЕ ТРАДЕ ДОО СКОПЈЕ, со ЕДБ: 4057014525978, испрати опомена пред суспензија поради неизвршување на обврската за плаќање со арх. бр. 11-4574 и на 11.09.2017 година опомена пред суспензија поради недоставување на финансиско обезбедување со арх. бр. 11-4731.

Бидејќи учесникот на пазар на електрична енергија не ги отстрани наведените причини во роковите од погоренаведените опомени, АД МЕПСО на ден 20.09.2017 година постапи согласно член 22 став 2 од Правилата за пазар на електрична енергија и донесе одлука за времена суспензија со арх.бр.11-4731/1.

Времетраењето на првата изречена суспензија беше до 01.11.2017 година или до извршување на обврската на плаќање и обезбедување на соодветно финансиско обезбедување на Операторот на пазар на електрична енергија.

Учесникот на пазарот на електрична енергија не ги отстрани причините за изрекување на времената суспензија до 01.11.2017 година со што АД МЕПСО на ден 01.11.2017 година изрече втора Одлука за суспензија со арх.бр.11-6671 со времетрање до 30.11.2017 година или до извршување на обврската за плаќање и обезбедување на соодветно финансиско обезбедување на Операторот на пазар на електрична енергија .

Учесникот на пазарот на електрична енергија не ги отстрани причините за изрекување на втората времена суспензија до 30.11.2017 година со што АД МЕПСО на ден 01.12.2017година постапи согласно член 28 став 3 од Правилата на пазар на електрична енергија и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука:

Против оваа одлука учесникот на пазар може да достави барање за разрешување на спор до РКЕ во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

Скопје, 01.12.2017 год.